**ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБА СО ГОЛЕМА КАШЛИЦА**
**ВО Р.СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2024/25 ГОДИНА, ЗАКЛУЧНО СО 20.02.2025**

## Неделни податоци

Во периодот од 14-20.02.2025 година, пријавен е еден случај на голема кашлица, за разлика од претходниот седмодневен период кога имаше пријавено два нови случаи. Се работи за случај од Неготино со позитивен лабораториски резултат од 11.02.2025 година. Лицето е на возраст од 5 години, вакцинирано согласно возраст, не е хоспитализиран и нема епидемиолошка поврзаност со друг позитивен случај.

## Кумулативни податоци

- Во периодот 2024/25 година, заклучно со 20.02.2025, на територијата на Р.С. Македонија, регистрирани се вкупно 1.182 лица, заболени од голема кашлица, со инциденца од 64,4/100.000 жители.
- Најголем број од заболените лица се регистрирани на територија на Скопје (70,3%), а заболени се регистрирани и во 22 други градови низ РСМ.
- Во последните два месеци во државата се регистрираат само поединечни случаи на пертусис, епидемиолошки неповрзани.
- Сè уште, во тек е епидемијата на територијата на град Скопје, но позитивните случаи кои се регистрираат не се меѓусебно епидемиолошки поврзани. Со оглед на тоа дека секоја година во Скопје се регистрираат поединични случаи на пертусис, како и поради зголеменото тестирање на лицата со кашлица одјавувањето на епидемијата може нереално долго да се оддолжи.
- Највисока инциденца од 265,1/100.000 жители се регистрира во Кратово, во Скопје (136,9/100.000) и во Куманово (102,5/100.000).
- Најголем број од заболените припаѓаат на возрасната група од 0-4 години (37%), а највисока инциденца се бележи во возрасната група под 1 година и изнесува 1.572,4/100.000 жители.
- Од вкупниот број на регистрирани случаи (1.182), 746 случаи (односно 63,1%) не биле вакцинирани, не се комплетно вакцинирани согласно возраста или немаат доказ за вакцинација.
- Од случаите кои се комплетно вакцинирани (n=303), просек на поминато време од последната доза на вакцина до заболување изнесува 13,7 години.
- Вкупно се хоспитализирани 192 случаи, од кои најголем дел припаѓаат на возрасната група од 0-4 години (n=168, 88%), кои во просек биле хоспитализирани по 8 денови.
- Од пријавените 1.182 случаи, лабораториски се потврдени 1.179.
- Од 18.01.2024 – 23.01.2025, на територијата на РСМ **дадени се вкупно 96.114 дози на вакцина која содржи компонента против голема кашлица**.

**Оддел за епидемиологија на заразни заболувања**

**21.02.2025** **Институт за јавно здравје на РСМ**